Бр. 19-985/2
2.12.2022 година
Скопје

Врз основа на член 7 и член 8 од Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2010; 47/2011; 41/2014 и 11/2018), член 34-а од Статутот на Интеруниверзитетската конференција бр. 19-1010/2 од 6.11.2018 година и Барањето предлог номинација за член на Управниот одбор на Македонската академска истражувачка мрежа (МАРнет) бр. 14-8943/2 од 18.10.2022 година, Интеруниверзитетската конференција во Република Северна Македонија објавува

**ЈАВЕН ПОВИК бр. 04/2022**

**Член 1**

за избор на предлог кандидат за член на Управниот одбор на Македонската академска истражувачка мрежа ( МАРнет):

- 1 (едно) лице, од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Критериуми за избор:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да има завршено високо образование, и
- да го познава англискиот јазик.

Кандидатите поднесуваат:

- пријава за повикот
- кратка биографија (CV).

Изборот на кандидатите се врши на седница на Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија, на предлог на Интеруниверзитетската ректорска управа.

Јавниот повик трае 5 дена од денот на објавувањето.

Документите се доставуваат:

- по пошта или во архивата на Универзитетот „Св. Кири и Методиј“ во Скопје, бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје.

**Интеруниверзитетска конференција во Република Северна Македонија**